# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1965 14 JUNE 2024 FREE





FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


## ДВОЈНИТЕ ИЗБОРИ ИСПАДНАА ПОСКАПИ ОД ПОЕДИНЕЧНИТЕ ВО 2019 И 2020 ГОДИНА, А НАЈСКАПА Е ДИЈАСПОРАТА

### МАНДАТАРОТ ЗА НОВА ВЛАДА ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ЌЕ ГИ СООПШТИ ИМИЊАТА НА МИНИСТРИТЕ В НЕДЕЛА

# СОСТАВОТ НА НОВАТА ВЛАДА НА 18 ЈУНИ ВО СОБРАНИЕ



# МАСК ЌЕ ГИ ЗАБРАНИ АЈФОНИТЕ ВО НЕГОВИТЕ КОМПАНИИ!?



# Почеток на јуни а веќе прогласена портокалова фаза за заштита од топлотниот бран



Македонските власти прогласија портокалова фаза во дел од државата, поточно во Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран поради високите температури. И Скопскиот и Вардарскиот регион се зафатени од високи температури, но од жолта фаза.

За градовите зафатени од портокалова фаза се препорачува ослободување од работните обврски на најранливите групи население, односно бремените жени и лицата на возраст над 60 години. Во градинките да не се практикува физичка активност и да не се изнесуваат децата на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот. Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст и Центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица, бездомни лица. Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, властите ги потсетија работодавачите на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

# Бројот на странски туристи за четири месеци зголемен за 19.3 проценти

Во Македонија во април годинава се регистрирани 81.752 туристи, од кои 23% се домашни, а 77% се странски туристи. Бројот на ноќевањата изнесува 151.720, при што 28,8% се од домашните, а 71,2 % од странските туристи, објави Државниот завод за статистика.

Од вкупно 62.978 странски туристи, 25.324 биле од Турција, 3.254 од Германија, 5.006 од Србија, 2.766 од Грција, 2.319 од Бугарија, 2.116 од Хрватска, 1.892 од Словенија...

Хотелско сместување користеле 76.662 туристи, од кои 24.472 биле сместени во хотели со пет ѕвездички, 40.392 во хотели со четири ѕвездички, 9.840 во хотели со три ѕвездички... Во пренокишта се сместиле 1.218 туристи, 1.150 во куќи, станови за одмор и соби за издавање, 596 во бањски лекувалишта, 445 во работнички одморалишта...

Во периодот јануари – април 2024 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 15.3% - кај домашните за 7.4%, а кај странските за 19.3%.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au



# Илинденскиот марш оваа година ќе биде помасовен

Здружението на граѓани од Горно Лисиче „Илинденски марш 1978", годинава подготовките ги почна порано од вообичаеното. Традиционалниот марш по повод еден од најголемите македонски национални празници - Илинден - ќе се одржи по 46-ти пат.

Причина за раното почнување на овие подготовки, како што информираат од Здружението, е огромниот интерес за учество на Илинденскиот марш, и тоа не само од општина Аеродром туку и од други градови и општини, така што се очекува традиционалната манифестација годинава да биде многу помасовна. Право на учество во маршот имаат сите заинтересирани мажи и жени од цела држава на возраст од 16 до 76 години, а досега покрај аеродромци има пријавени коњаници од Кичево, Маврово и Свети Николе. Рокот за пријавување е до 30 јуни.

Коњичкиот марш стартува од паркот „Јане Сандански" во Општина Аеродром кога на коњаниците им се предава општинското знаме, а крајната дестинација е Крушево, каде што треба да стигнат на 2 август.

Пред испраќањето на „илинденците" секоја година се одржува свечена литургија, по што традиционално се организира и богата музичка програма со настап на познати македонски естрадни уметници.

Општината Аеродром и оваа година финансиски ќе го поддржи Илинденскиот марш како една од најголемите и најзначајните манифестации со што се негуваат традицијата и македонската култура.






## Во Дебар спасени две лица од каснување на змии, Охрид и Струга немале серум

Две лица - странски државјани - деновиве се спасени во општата болница во Дебар каде добиле антивиперин, серум против змиски отров.

Во едниот случај станува збор за лице од соседните албански населени места, во чии амбуланти во моментот немало серум. Дебарската болница е поблиску од регионалната во Пешкопеја, а доколку во период од 3 до 4 часа не се добие ваков серум настапува смрт. Пациентот бил донесен во Дебар.

Вториот случај е со холандски државјанин кој бил на одмор во Охрид. Во општата болница од Охрид (а очигледно ниту во Струга) немале серум, па со санителско возило пациентот бил донесен до Дебар за да прими антивиперин и повторно е вратен во Охрид.

Во овој периодот низ Македонија е регистрирана зголемена појава на змии,. Центарот за управување со кризи (ЦУК) веќе предупреди граѓаните да внимаваат, но тврдеа дека сите болници се снабдени со противотров (а изгледа не е така).

## За 330 илјади пензионери од Буџетот се дотираат исто колку што се платите на 133 илјади јавна администрација - по A$870 милиони годишно



*Една третина од пензиите се покриваат од државната каса, што е 12% од Буџетот*

За да ја покрие пензиската „дупка" во 2022 година државата префрлила околу A$870 милиони. Ако се земе предвид дека таа година вкупните расходи во Буџетот биле A$7.34 милијарди (4.5 милијарди евра), тогаш математиката покажува дека околу 12% се отидени за „крпење" на Фондот за пензиско осигурување.

Државната ревизија за 2022 година заклучила дека во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување недостигале 33.58% од неопходниот износ за исплата на пензиите. Таа дупка меѓу приходот од наплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување и тоа што како пензии и здравствен придонес за пензионерите мора да се исплати мора да се покрива со директен трансфер од Буџетот.

Приходите од наплатен придонес за ПИО во 2022 година се зголемени за 11.63% проценти во однос на претходната 2021 година и изнесувале A$1.45 милијарди, додека изплатата била околу A$2.3 милијарди за вкупно 335.743 корисници на пензиски примања. Во овој износ заклучно со декември 2022 година исплатите се за 9.8% повисоки во однос на 2021 година.

Ако пак се гледа како процент, во 2022 имало најмало учество на државни пари во покривање на потребите за исплати на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Во последните 10 година најголемиот трансфер е забележан во 2018 година и бил 42.7%.

Ревизијата го истакнува влијанието на неповолната демографска структура на населението во РСМ кои беа потврдени со спроведениот Попис на населението, како и влијанието на тековните инфлаторни движења со кои е зафатена земјата и светот - со оглед на законската обврска да се изврши усогласување на висината на пензиските примања со индексот на трошоци на животот и порастот на платите.

Подолгорочно гледано се очекува Фондот да продолжи да биде со зголемен дефицит кој ќе се покрива со трансфери од Буџетот.

## МАСК ЌЕ ГИ ЗАБРАНИ АЈФОНИТЕ ВО НЕГОВИТЕ КОМПАНИИ!?



Илон Маск се заканува дека ќе ги забрани iPhone-ите во сите негови компании поради новонајавената интеграција на OpenAI со Apple, објавена во понеделникот. Во серија објави на X, извршниот директор на Tesla, SpaceX и xAI напиша дека ако Apple интегрира OpenAI на ниво на оперативен систем, уредите на Apple ќе бидат забранети во неговите бизниси и посетителите ќе мора да ги пријавуваат своите ајфони на влезовите каде што тие ќе бидат чувани во Фарадееви кафези.

Иако Apple и OpenAI соопштија дека корисниците ќе бидат консултирани пред „секое прашање да биде испратено до ChatGPT", заедно со какви било фајлови или фотографии, одговорите на Маск укажуваат дека тој верува оти OpenAI е длабоко интегриран во самиот оперативен систем на Apple и затоа може да прикачи какви било лични и приватни податоци.

Apple вели дека во iOS 18 луѓето ќе можат да поставуваат прашања на Siri и ако асистентот мисли дека ChatGPT може да помогне, ќе побара дозвола да го сподели прашањето и директно да го претстави одговорот. Ова им овозможува на корисниците да добијат одговор од ChatGPT без да треба да ја отвораат апликацијата ChatGPT за iOS. Фотографиите, PDF-датотеките или другите документи што сакате да ги испратите на ChatGPT го добиваат истиот третман.

- Запрете го овој морничав шпионски софтвер, вели Маск кој би претпочитал можностите на OpenAI да останат поврзани со посветена апликација – не со интеграција на Siri.

- Apple ги користи зборовите „заштити ја вашата приватност" додека ги предава вашите податоци на трета страна вештачка интелигенција што тие не ја разбираат и не ја штитат приватноста воопшто! Апсурдно е тоа што Apple не е доволно паметен за да направи сопствена вештачка интелигенција, ама некако е способен да обезбеди дека OpenAI ќе ги заштити вашата безбедност и приватност!? Apple нема поим што всушност се случува откако ќе ги предадат вашите податоци на OpenAI. Те продаваат низ реката, рече Маск.

Иако е вистина дека Apple можеби не ја знае внатрешната работа на OpenAI, технички Apple не ги предава податоците – корисникот го прави тој избор.




# Јадењето додека возите е опасно и може да ве чини скапо




Веројатно нема возач кој барем еднаш додека возел не почувствувал глад и застанал во првиот ресторан за брза храна или бензинска пумпа, за да купи сендвич, хамбургер или нешто трето. Честопати, луѓето во такви ситуации одлучуваат да продолжат да возат и по пат да јадат. Меѓутоа, покрај ризикот да ја извалкате вашата гардероба или седиштето во автомобилот, дали некогаш сте се прашале: дали сообраќајните прописи дозволуваат да јадеме додека возиме. Нема сомнение дека јадењето за време на возењето не е помалку реметење и оттргнување внимание од користењето на мобилен телефон, што е строго забрането со закон. Во моментов, во *Австралија* не постои закон на сојузно ниво кој забранува јадење додека возиме, но од некои јурисдикции овој пропис наскоро би можел да се прошири ширум земјата.

Но, какви се законите по ова прашање во држави и територии, откријте во следните редови.

## Нов Јужен Велс

Во оваа држава не постои специфичен закон за јадење за време на возењето, но во зависност од околностите, возачот може да биде обвинет за несовесно возење доколку се смета дека го загрозува својот живот и животите на другите. Максималната казна за несовесно возење што предизвикува смрт изнесува $3.300 или 18 месеци затвор. Исто така, можете и доживотно да ја загубите возачката дозвола. Доколку несовесното возење доведе до тешки телесни повреди на друго лице, максималната казна за прекршокот е $2.200 или 9 месеци затвор.

## Квинсленд

Конзумирање храна за време на возењето не е нелегално во *Квинсленд*, но ако работите тргнат наопаку, може да бидете во неволја. Објавата на Министерството за сообраќај на *Квинсленд* кон крајот на 2022 година привлече внимание, сугерирајќи дека правилото на патишта околу *„правилната контрола на возилото“* може да се толкува на начин, ако сте јаделе додека сте возиле, и се смета дека сте немале контрола, или сте *„возеле невнимателно“*, би можеле да платите голема казна, $619 и три негативни поени. *„Најдобро е да застанете на безбедно место за да уживате во вашиот сендвич“* - велат од Министерството за сообраќај на *Квинсленд*, потсетувајќи дека двете раце треба да бидат на воланот додека возите.

## Викторија

И покрај тоа што е позната како држава во која важат некои од најстрогите сообраќајни правила и која поседува една од најагресивните технологии за фаќање луѓе кои не ги почитуваат прописите, *Викторија* се уште не вовела *„камери за сендвичи“*. Значи, во оваа држава не е противзаконско да се јаде додека возите.

## Јужна Австралија

Ниту во оваа земја нема конкретен закон за консумирање храна за време на возењето. Но, постојат правила кои можат така да се толкуваат и да бидете казнети доколку ве фатат како јадете додека возите. Државниот прирачник за сообраќајни правила укажува на одвлекувања на вниманието кои можат да предизвика опасно возење, дел од нив се јадење, пиење, пушење, па дури и разговор со други патници. Во моментов, владата на *Јужна Австралија* размислува да ги класифицира одвлекувањата на вниманието во четири категории - визуелни (работи кои ги гледате), аудио (работи кои ги слушате), физички (работи кои ги правите со рацете додека возите) и когнитивни (работи за кои размислувате). *„Тргнувањето на погледот од патот или губењето на вниманието дури и на неколку секунди може да биде фатално“* - предупредува од Министерство за сообраќај и инфраструктура на *Јужна Австралија*.

## Западна Австралија

Познат е случај на жена во *Перт* која во 2018 година беше фатена како јадела *„Вит бикс“* житарки додека возела. За тој појадок платила казна од $300 и добила три негативни поени. Полицијата може да ве казни доколку смета дека не сте го имале потребното внимание и претпазливост додека сте јаделе зад воланот. Максимална казна што може да биде изречена за овој прекршок е $1.500. Затоа имајте на ум, ова не се правни совети. Поради тоа, пред да одлучите да јадете зад воланот, проверете ги релеватните прописите во државата или територијата во кои се наоѓате.

## Тасманија $195 и три бода

Додека сте во *Тасманија*, никогаш не возете и јадете во исто време. Имено, доколку полицијата ве фати, можете да добиете парична казна и да загубите поени на вашата дозвола, според категоријата *„соодветна контрола над возилото“* од правилникот. Последиците по вашиот паричник ќе бидат казна од $195, а на дозволата три негативни поени.

## Во Канбера проценува полицаец

Возење без соодветна контрола, тоа е формулација која може да ве чини казна од $420 доколку полицијата ве фати како јадете додека возите. Во тој случај, се зависи од проценката на полицаецот дали сте биле доволно внимателни или не, односно дали сте можеле да ја загубите контролата над автомобилот.



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Деца украле готовина и цигари во вредност од $2 милиони




Полиција соопшти дека разбила детска криминална мрежа која во *Мелбурн* украла цигари и готовина во вредност од над $2 милиони. Двајца тинејџери, наводно, регрутирале над 20 деца за да учествуваат во повеќе од 140 незаконски упади и вооружени грабежи во *Мелбурн*.

Полицијата на *Викторија* соопшти, по повеќемесечна истрага, уапсиле четворица осомничени кои „регрутирале" 12-годишни деца во својата мрежа. Над 20 деца, од кои најстарото имало 17 години, се одговорни за над 140 кражби и вооружени грабежи во источните предградија на *Мелбурн* од јануари оваа година.

Децата, наводно, таргетирале бензински пумпи, супермаркети и продавници за тутун за на крај кумулативниот улов да им достигнал над $2 милиони долари.

*„За само неколку стотици долари овие деца беа намамени да украдат цигари и готовина од бензински пумпи, супермаркети и тутунари вредни милиони долари"* - изјави полицискиот инспектор **Дејл Максвел**.

*„Деца на возраст од 12 години наводно биле регрутирани од возрасни со намера да ги наполнат своите џебовите, без да си ги извалкаат рацете"* - додаде тој. Над 40 отсто од децата веќе и се познати на полицијата затоа што влегувале во куќи и краделе автомобили за забава, велат полицајците.

Полицијата уапсила двајца 19-годишници за кои тврди дека регрутирале над 20 деца да крадат во предградијата и биле водачи на операцијата.

Полицијата исто така уапсила и двајца продавачи на цигари, на возраст од 33 и 53 години, кои подоцна ги препродавале цигарите.

Запленети се цигари и вејпови, над $243.000 во готовина од домот на еден од уапсените, како и повеќе од 200 растенија канабис и оружје.

# НАСА испрати сателити на Јужниот и Северниот пол

*НАСА* неодамна лансираше климатски сателит директно во вселената од *Нов Зеланд*. Првиот од планираните два беше испратен да ја измери количината на топлина што Земјата ја зрачи од половите во вселената. Додека емисиите на топлина често се мерат во урбаните области, тоа не беше случај на половите. Знаеме дека климатските промени не се случуваат со ист интензитет насекаде, па овие податоци ќе ни кажат колку енергија се ослободува од половите и се апсорбира од планетата. Така ќе имаме поточни предвидувања поврзани со подигнувањето на нивото на морето и топењето на ледената покривка.

Официјални лица во *НАСА* објаснија дека целта на оваа мисија е да се истражи енергетскиот буџет на *Земјата*, поточно рамнотежата помеѓу влезната топлинска енергија од Сонцето и топлината што ја емитува нашата планета, и разликата во која всушност ја одразува просечната температура и климата на планетата.

Наскоро *НАСА* ќе лансира уште еден сателит, па ќе ги снима *Јужниот* и *Северниот пол* во парови во следните 11 месеци. После тоа, добиениот сет на податоци ќе се користи за таканаречена калибрација на климатски модели.

# Австралија ја менува географската ширина и должина




*Мораме да ги усогласиме географската должина и ширината така што сателитските навигациски системи кои ги користиме на телефоните да бидат усогласени со информациите од дигиталните мапи* - вели **Ден Џекс**, претставник на агенцијата *"Геосајенс"*.

Сегашните координати на *Австралија* се погрешни за над еден метар и оваа неточност може да предизвика големи проблеми при користење на новите технологии како на пример во автомобилите без возач и разни други автоматски процеси.

*Австралија* покрај нормалната тектонска активност, годишно се движи околу седум сантиметри кон север.

Паметните телефони се прецизни во рамки на пет до десет метри, но намалувањето на тој сооднос ќе биде од клучно значење, особено поради се поголемата употреба на беспилотни возила во земјоделството и рударството.

INJURED?
- TAC
- WorkCover
- Slips & Falls
- Superannuation TPD
- All Injury Claims
- Free First Appointment
- Speak Macedonian
- Over 25 years experience in Personal Injury Claims

ПОВРЕДЕНИ?
- Сообраќајни повреди
- Повреди на работа
- Суперануација и траен инвалидитет
- Сите видови на повреди
- Првата средба е бесплатна
- Зборуваме Македонски
- Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000
LAWYERS

# Новиот вицепремиер за добро владеење ќе дошол од Брисел (таму е роден), ама дали знае македонски?

**Мицкоски предлогот за состав на новата Влада ќе го поднесе во Собранието на 18 јуни (вторник). Новата влада се очекува да биде изгласана веќе на 20 или 21 јуни.**

Од коалицијата „Вреди“ се транспаренти кои ресори ќе ги добијат, па дури и со имиња: Изет Меџити ќе биде прв вицепремиер и министер за екологија, Арбен Таравари министер за здравство, Арбен Фетаи вицепремиер за добро владеење (за борба против корупција), Фатмир Лимани (внукот на Али Ахмети) министер за социјална политика а БЕСА уште ќе го даде министерот за економија.

Арбен Таравари воодушевено го најави „носењето“ на Фетаи како успех:

- Роден е и живее во Брисел. Ќе се врати специјално барем една до две години да биде тука во Македонија. Мислам дека има најдобро СиВи од сите што живеат во Македонија. Човекот ќе ја остави работата и семејството за одреден период да биде тука и да работи посебно на темата транспарентност, рече тој во утринската емисија „Здраво Македонијо“ на „Канал 5“ телевизија.

Наместо досегашните 16, следната Влада ќе има 20 министерства. Ќе има уште тројца министри без ресор (вицепремиери) па заедно со премиерот владиниот кабинет ќе брои 24 лица. Реорганизација ќе се направи на Министерството за економија, кое ќе стане Министерство за економија и труд, а сегашното Министерство за труд и социјална политика ќе биде Министерство за социјална политика, демографија и млади додека Министерството за култура ќе го додаде и туризмот. Нови ќе бидат четири министерства: (1) за спорт, (2) за енергетика, рударство и минерални суровини, (3) за дигитализација и (4) за администрација.

## Аеродром, Сарај и Гостивар со в.д. градоначалници до октомври 2025 година

Скопските општини Аеродром и Сарај но и Гостивар ќе добијат вршители на должноста (в.д.) градоначалници во следните 14 месеци - до редовниот термин за локални избори во октомври 2025 година. Општинските совети за таа функција ќе изберат еден од своите советници.

Градоначалникот Тимчо Муцунски од Аеродром ќе биде министер за надворешни а Арбен Таравари до Гостивар министер за здравство. Во Сарај вршителот на должноста веќе ги презеде градоначалничките обврски. Советникот Иљас Весели (ДУИ) доаѓа на местото на градоначалникот Блерим Беџети, кој отиде во пратеници.

Во собранието веќе се поднесени измени за актуелниот Закон за локална самоуправа, со кој се предвидува дека доколку градоначалникот во една општина го поминал повеќе од половина од мандатот треба да се овозможи в.д. градоначалникот да има можност да ја извршува функцијата двапати по 6 месеци за дане мора да се оди веднаш на избори. Овој предлог се очлекува да го добие потребното 2/3-ско мнозинство (исто како што се усвои реорганизацијата на Владата).

Прв настап на Сиљановска-Давкова на меѓународен настан:

## Украина ќе добие почеток на преговори со ЕУ, посакувам и ние да станеме стандардна европска држава


*За странските медиуми македонската претседателка беше интересна само по огромната торба*

Македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова учествуваше на Конференцијата за обнова на Украина во Берлин, каде изрази надеж дека македонската и украинската иднина ќе биде во Европската унија.

- Постои консензус дека проблемите на Украина се европски проблеми. Значи и наши проблеми. Наш проблем е Украина. Треба да го сториме она што ни е должност. Треба да се подготви обновата на Украина, дури и кога сè уште трае војната. Соочени сме со насушна потреба од нов Маршалов план. Она што по Втората светска војна го направија САД за разурнатата Европа, сега Европа е во можност да го стори за Украина, земја која, исто како и ние, секогаш била дел од Европа, историски, културно, а сега веројатно ќе стане и политички, рече таа.

Таа се радува што Украина веројатно ќе добие почеток на преговори и очекува Украина да се справи со проблеми како корупцијата. Посакува и Македонија да стави крај на, како што рече, оваа сага од 23 години и да ги почне преговорите со ЕУ.

## Двојните избори сепак поскапи од поединечните во 2019 и 2020 година, а најскапо за дијаспората



Иако едно од образложенијата за организирање на двојни избори беше дека на тој начин ќе се заштедат парите на граѓаните, новото истражување на Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) покажа дека Државната изборна комисија (ДИК) за заедничките претседателски и парламентарни избори годинава потрошила 767 илјади евра повеќе отколку вкупно потрошените пари за претседателските и парламентарните избори во 2019 и 2020 година.

Според ЦГК годинава ДИК склучила 22 договори за јавни набавки во вкупна вредност од 3.4 милиони евра. Дури 41% од договорите за јавни набавки се во постапка со директно преговарање, без оглас. Без тендер биле потрошени 1.4 милиони евра.

Колку за споредба: за локалните избори во 2021 ДИК извршила јавни набавки во висина од 1.17 милион евра, за парламентгарните во 2020 набавки во висина од 1.23 милиони евра а за претседателските во 2019 скоро 1.5 милион евра.

Но вредноста на склучените договори за овогодишните избори може и да се зголемат зашто има набавки кои се уште не се објавени: „за сигурносни нумерирани пластични ленти за запечатување на гласачки кутии и вреќи за транспорт“, „софтверско решение за сумирање и објава на изборни резултати“, „превод на гласачкиот материјал“ и „хотелски услуги потребни за организација и спроведување на изборниот процес“.

Вредносно најголем склучен договор за изборите во 2024 година е за „транспорт и сместување на членовите на изборните органи во дипломатско конзуларните претставништва за избори“, склучен со „Њу вејс оф травел“ - Скопје, во вредност од 813 илјади евра. Договорот опфаќа транспорт и сместување на до најмногу 8 лица на 31 дестинација во светот.

Овој договор е повисок дури и од оној за изработка и печатење на доверливиот изборен материјал што изнесува 46 милиони денари (748 илјади евра), склучен со печатницата „Киро Дандаро“ – Битола (склучен со директен договор).

Reg. No. A0042461G АНАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# ВО КОЦКАРНИЦИТЕ И ОБЛОЖУВАЛНИЦИТЕ МАКЕДОНЦИТЕ ЛАНИ ОСТАВИЛЕ НАД A$1.3 МИЛИЈАРДИ!

Во Македонија има 51 активна фирма што се занимава со обложување или коцкање, а вкупниот приход што го направиле е над A$1.3 милијарди! Толку пари, значи, оставиле граѓаните на оваа забава која за многумина е тежок порок. А на компаниите кои се занимаваат со игри на среќа тоа им донело чиста добивка од A$115.5 милиони, покажува анализата на порталот „Пари“.



Во нив има дури 7.745 вработени и се сериозен полнач на државната каса што со придонеси, што со даноци - годишно по овој основ во Буџетот внесуваат над 250 милиони евра.

Интересно е што убедливо на прво место по приход (пари што ги завртеле) е „Про бетинг“ но неа ја нема на списокот на најпрофитни. Ланскиот приход и бил 194.5 милиони евра (+33 проценти отколку во 2022) но со пријавена добивка од само 400.000 „Про бетинг“ не влегува ни во првите 10 најпрофитни компании од оваа дејност.

**Топ 10 компании по добивка во 2023 година**

| Компанија | Добивка | Приход |
|---|---|---|
| Државна видеолотарија на Република Македонија -КАСИНОС АУСТРИЈА ДОО Скопје | 19,5 милиони евра | 90,1 милиони евра |
| КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје | 8,7 милиони евра | 9,6 милиони евра |
| Државна лотарија на Република Северна Македонија | 7,9 милиони евра | 18,8 милиони евра |
| МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија | 5,7 милиони евра | 32,7 милиони евра |
| СПОРТ - ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје | 4,0 милиони евра | 85,1 милион евра |
| АПЕКС МК ДОО Скопје | 3,8 милиони евра | 11,6 милиони евра |
| СПОРТ-ЛАИФ ГЕЈМИНГ ДОО Скопје | 3,7 милиони евра | 11,0 милиони евра |
| ДЕЛТА БЕТ ДОО Скопје | 3,4 милиони евра | 53,7 милиони евра |
| МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје | 2,2 милиони евра | 25,6 милиони евра |
| СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје | 2,2 милиони евра | 26,1 милион евра |

Слично е и со обложувалниците на „Златна копачка“ - лани имале приход од над 33.7 милиони евра но добивка од само 140.000. Тука е и „Клуб спорт 77“ кој во 2023 имал приход од 39.6 милиона евра но профит само 460.000.

# Кои се 15-те компании од Битола што имаат добивки од над милион евра?

1. **„Марковски компани“** е најуспешна компанија по остварена добивка во Битола во 2023. За период пократок од шест месеци фирмата на Борче Марковски доби три тендери од ЕСМ во вредност од 80 милиони евра за ископ на јаловина и лигнит во рудниците на РЕК Битола.
2. Земјоделскиот комбинат **„Пелагонија“** лани направи фантастичен резултат ама не од своето редовно работење, туку од наплата на дивиденда од акумулираната добивка од биогасната централа „Пелагонија енерџи“.
3. **„Кромберг и Шуберт“**, производителот на кабли за автомобилската индустрија.
4. **„ERI Corporation“**, еден од најголемите светски производители и извозници на топлински разменувачи и вентилациски компоненти. Порано оваа компанија имаше и домашни сопственици, но во текот на изминатите години целосно е преземена од британскиот „Volution Group“ plc.
5. **„Руд-Коп“** потврдува дека може добро да се профитира ако се соработува со АД ЕСМ и РЕК Битола во јавните набавки. Има 77 вработени а сопственик е Кирил Билјановски.
6. **„Синпекс“**, фирмата на Синиша Петровиќ и Христина Фуна, позната по тоа што продава разни светски брендови на трактори.
7. Производителот на сладоледи **„Цермат“**, инаку семеен бизнис на Зоран Ристевски и Виолета Ристевска Лазиќ.



8. **„Стентон градба“** на Снежа Стојаноска е меѓу првите во Македонија за изградба на станови, но учествува и во голем број на јавни набавки, а за оваа компанија лани беше објавено дека ќе му биде подизведувач на „Бехтел и Енка“ во изградбата на новите автопати. На крајот од минатата година доби рекорден тендер од Дирекцијата заТИРЗ за голема градежна офанзива во три зони и за градба на нови објекти за сместување, амбуланти, детски градинки и складишта со паркинзи во Скопје, Штип и Прилеп.
9. **„Игнација ФМ“** на Фатмир Мерсими работи на завршни градежни работи, како инсталации за греење и вентилација.
10. Печатницата **„Киро Дандаро“** која лани беше продадена за 9,5 милиони евра на хрватски САТО.
11. **„Евро стил“** продава земјоделски машини, а е во сопственост на Слободан, Зорка и Рајко Рајкоски, како и на Сашка Веловска,
12. **„Електропроизводи и сервис - ЕПС“** е фирма со вкупно 5 вработени и продава опрема за термоцентрали, рудници, индустријата за цемент и од хемиската индустрија. Оваа компанија е формирана во 2016 и е во сопственост на Јован Папастеревски, кој живее во Скопје а лани со 4.350.000 евра приход имала скоро 1 милион евра профит.
13. **„Taskforce BPO“** за технолошки напредни аутсорсинг услуги за други компании во странство.
14. **Млекарница Битола**.
15. **„Никопоулос“**, друштвото кое направи најдобар резултат иако е регистрирано во 2023, но има договор со АД ЕСМ за увоз на јаглен за потребите на РЕК Битола. („Фактор“)



# ГОДИНАВА ВАРДАРСКАТА РЕГАТА ЌЕ ПЛОВИ ДО СОЛУН



*На оваа регата нема да плови гемијата ниту сплавот, туку учесниците ќе бидат само со гумени чамци, бидејќи годинава се пробива патеката и границата мора да се мине на суво, не по Вардар.*

Вардарската регата годинава ќе плови до Солун. Откако се обнови во 2010 година, желба на организаторот беше „гемиите“ од Велес да пловат до Солун, и тоа ќе се оствари во јуни. Организаторот, Извидничкиот одред „Димитар Влахов“ од Велес, најавува дека пловидбата ќе се реализира со помош на грчките извидници.

- Се оствари сонот на многу генерации велешки гемиџии и годинава ќе пловиме до Солун. Во целост ќе пловиме исто како велешките гемиџии кои во 19 век стоката со гемии ја дистрибуирале до Солун. Петиот ден од пловидбата треба да влеземе во делтата на реката Вардар, што е голем предизвик. Бевме неколкупати да ја проучиме патеката, ја познаваме ситуацијата. Во оваа делта каде Вардар се дели на 8 краци водостојот е многу низок, ќе имаме помош од грчките рибари да пловиме по вистинската патека. Треба да стасаме до Солунското пристаниште. Ќе биде тешко по делтата на Вардар оти е заштитена зона и не може да се користи возило, ако заглавиме тие 4 до 6 км мораме да ги изнесламе, нема помош од механизација и возила, вели за „СДК.мк“ Ангелче Гушев, член на организацијата на „Вардарската регата 2024“.

24-та Вардарска регата започнува на 20 јуни, кога од Велес се плови до Криволак, следниот ден е до Демир Капија, третиот до Марвинци, по што на суво учесниците се префлаат преку граница до Евзони, каде е прв базен логор во Грција, потоа до Акропотамис, каде е четвртиот базен логор.

- Имаме поддршка од колегите солунски морски извидници. Ним им одговора во програмските активности да имаат ваков настан. Си подадовме рака, бидејќи како комшии потребни сме едни на други и се надевам дека се ќе биде во најдобар ред годинава, вели Гушев.

Регатата и овојпат е меѓународна, најавени се традиционалните гости од Србија и од БиХ.



*Оригиналниот изглед на велешка гемија со рамно дно (сплав со форма на делтоид ограден со штици)*

## Грчки националисти ги искршиле прозорците од домот на Царкњас



Се случил уште еден инцидент во домот на архимандритот Никодим Царкњас, во селото С'ботско, Воденско, кој е македонски свештеник и борец за правата на на Македонците во Грција.

Грчки националисти фрлиле камења врз прозорците на неговиот дом, кршеле јајца на неговиот автомобил и испишале ELLAS (Грција) на бетонскиот под пред неговата куќа.

Ова не е прв инцидент во кој грчки националисти вршат терор и притисок врз 81-годишен старец кој целиот свој живот го посветил на борбата на Македонците во Грција за зачувување на својот идентитет. Ниту еден претходен напад врз Царкњас не е расчистен од грчките органи на редот.




## Македонците се повеќе бараат егзотични патувања: „Доста ми е од Грција, сакам да го видам Занзибар“



Трендот на патување кај Македонците се менува од година во година. Традиционалните летни дестинации како Грција, Црна Гора, Хрватска и Турција сè уште се популарни, но се забележува значително зголемување на интересот за поегзотични локации.

Занзибар, Малдиви, Куба, Индија, Индонезија и Тајланд се само некои од дестинациите кои привлекуваат внимание, пишува порталот „Денар“. Повикувајќи се на вработени во водечките туристички агенции на Македонија, произлегува дека барањата за овие далечни места се во постојан пораст, а групите често се пополнуваат до последно место, без оглед на цената.

Секако, проблем (освен цената) претставува и тоа што за Малдивите, Индонезија, Тајланд... треба виза за македонски пасош но тоа се „премостува“ преку партнерските туристички агенции во Белград.

- Секоја година, сè повеќе клиенти се одлучуваат за авантура на егзотични дестинации, вели Марија Петровска, менаџер за продажба во позната туристичка агенција од Скопје.

- И покрај високите трошоци, нашите понуди за Занзибар или Малдиви се распродадени уште пред сезоната да започне. Луѓето се подготвени да инвестираат во незаборавни искуства, објаснува оваа соговорничка на „Денар“.

Мирко Трајковски, скопјанец кој минатата година со сопругата отпатувал на Занзибар, споделува слични чувства.

- Тоа беше патување кое нема да го заборавам. Секој денар потрошен за таа посета беше вреден. Од неверојатните плажи до културното богатство, сè беше како да е од друг свет, раскажува Трајковски.

Оваа тенденција на потрага по уникатни и далечни дестинации е индикатор за променетите патувачки навики на Македонците.

Со зголемената достапност на информации и поголемата флексибилност во планирањето, луѓето сè повеќе се осмелуваат да ги истражуваат рајските делови на светот.

Иако традиционалните летни дестинации остануваат во срцата на многумина, егзотичните патувања стануваат сè поважен дел од годишните планови за одмор.

maurice blackburn lawyers

# Искусни адвокати кои го зборуваат вашиот јазик

Кога ви треба помош со правни прашања, може да биде загрижувачко. Затоа ние сме до вас да ви помогнеме кога имате најголема потреба.

За правна поддршка, бидете сигурни со нас.

Им помогнавме на преку 500.000 Австралијци да си ја подобрат својата ситуација, и спремни сме исто да направиме голема разлика за вас.

Како прва адвокатска фирма за тужители во Австралија, имаме искуство на кое можете да сметате.

## Запознајте се со нашите адвокати кои зборуваат македонски:



**Мајкл Стојановски (Чкоров)**
Адвокат
Џилонг, Викторија

Мајкл е вработен како адвокат со Морис Блекбурн од 2018 г и долго време е активен во македонската заедница. Тој исто има искуство како волонтер во правна помош со Македонското Здружение на Млади Правници во Скопје.

**Џилонг** (03) 5221 1152

**понеделник – петок,**
09:00 – 17:00 ч.



**Димче Талевски (Тунџев)**
Адвокат
Саншајн, Викторија

Димче има повеќе од 10 години искуство обезбедувајќи правни услуги и горд е што служел многу македонски клиенти во ова време.

**Саншајн** (03) 9310 2966

**понеделник – петок,**
09:00 – 17:00 ч.

## Во најголем број случаи нудиме:

Прва консултација без обврска*

Без победа, нема наплата**

И ако не можете да дојдете кај нас, ние обично можеме да дојдеме кај вас.

*Не мора да плаќате ако одлучете да не го продолжите вашето барање, значи е бесплатно да си ги дознаете вашите права
**За повеќе информации околу нашите правни услуги ‘без победа, нема наплата’ посетете mauriceblackburn.com.au/about/fees/

# Убиецот на Танкица Младеновска од Кочани се обеси во затворот

Во кумановскиот затвор *К'шање* животот си го одзел затвореникот **Усеин Рашидов** од *Кочани*. **Рашидов** е убиецот на **Танкица Младеновска** од *Кочани*, која ја усмрти со 40-тина убоди со нож.

Беше осуден на доживотна казна затвор за ова дело. Пресудата за **Рашидов** стигнала на 9 мај, но се уште не била правосилна, поради што бил во притворскиот дел. Безживотното тело го пронашле неговите



двајца цимери во притворската ќелија кога станале од спиење, околу 6 часот наутро, по што пријавиле кај стражарската служба. Човекот бил врзан со чаршаф за креветот.

**Танкица** минувала низ вистинска тортура. Работела во текстилна фабрика и била принудена да зема кредити и да му ги дава на **Усеин**, кој ја уценувал со компромитирачки фотографии. Сега веќе убиената се доверила на колешка која рекла *„или ќе се убијам, или ќе ме убијат"*. На самоубиство помислила кога **Усеин** и побарал дополнителни 5.000 евра.

По убивањето **Усеин** не избегал, туку останал да ја чека полицијата. Соседите чуле крици и истрчале, но веќе било предоцна.

Пред дваесетина дена, во истото притворско одделение се обеси и шеесет и седумгодишниот **Д. Ѓ.** од кумановското село *Габреш*, осомничен за двојно убиството и еден обид за убиство (на својата сестра и двајцата внуци). И тој бил пронајден мртов откако со чаршаф се врзал за кревет на кат, додека во притворската ќелија имало уште еден притвореник кој спиел.

## Уапсена 56-годишна жена, ограбила спортска обложувачница во Ростуше

Во неделата, во 19:50 часот, на локален пат за село *Ростуше, Гостиварско*, полициски службеници од *ОВР Гостивар* ја лишиле од слобода 56-годишната **В. Т.** од село *Ростуше*, извести *МВР*.

Таа се сомничи дека околу 19.30 часот од спортска обложувачница во с. *Ростуше* одзела пари од дневниот промет. Парите биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било приведено во полициска станица, соопшти *МВР*.

По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

## Кривична за надрилекар од Кочани, четири години „лекувал" со оксиводородна смеса

*СВР Охрид* поднесе кривична пријава против правно лице (фирма) од *Кочани* и **В. П.** (55) од *Кочани*, сопственик и управител на правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела измама во врска со надрилекарство.

Од 2020 година до поднесувањето на пријавата второпријавениот со намера да стекне противправна имотна корист набавил резервоар за вода (идентичен со оние што се користат во автомобилите), клетка за електролиза и електрополнач, кои ги употребувал како бренер за загревање и за инхалација кај граѓаните преку вдишување оксиводородна смеса во гасна состојба, која се користела за индустриски цели.

Пријавениот „лекувал" пациенти во *Охрид* а за здравствените сеанси што им ги правел на пациентите наплаќал од 500 до 600 денари, во зависност од дијагнозата. За своите услуги се рекламирал на социјалните мрежи.

Токсиколозите велат дека ова е класична измама на макота на пациентите, кои се надевале дека ќе бидат излечени од некаква болест, а всушност вдишувале само водородна пареа.

## Сакале да ограбат црква во Радовиш, со нож му се заканувале на клисарот

*МВР* извести дека во понеделникот во 13.30 часот во *Радовиш* полициски службеници ги уапсиле С.Р.(37) од *Република Хрватска* и **А.К.**(37) од *Радовиш*.Тие се сомничат дека истото утро околу 7:30 часот од црква во *Радовиш* се обиделе да одземат пари. Откако биле забележани од клисарот во црквата **А.К.** физички го нападнала, а **С.Р.** му се заканил со остар предмет, по што го напуштиле местото. Во службен разговор во Полициската станица *Радовиш* тие го признале делото, по што биле задржани. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство *Струмица* и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

### НЕ СЕ ЗНАЕ КОЈ КОГО ТЕПАЛ:

## Соседи меѓусебно се пријавиле во полиција за физички напад

На 9 јуни во 21:15 часот **С.Т.**(19) од *Скопје* пријавил во полиција дека во дворот на својата куќа на подрачјето на *Ѓорче Петров* во *Скопје* бил физички нападнат од **З.А.**, кој употребил и тврд предмет. Подоцна, **З.А.**(55) од *Скопје*, исто така, пријавил дека околу 20:30 часот во дворот од семејната куќа на подрачјето на *Ѓорче Петров* во *Скопје* бил физички нападнат од **С.Т.**(19). По целосно документирање на случајот за обајцата ќе следува соодветен поднесок.


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Австралија ја зајакнува армијата со регрутирање на странски државјани

Австралискиот министер за одбрана **Ричард Марлс** изјави дека земјата ќе започне со регрутирање на неавстралиски државјани во армијата. Целта на овој потег е да се пополни недостигот од 4.400 регрути во австралиските одбранбени сили, чија цел е да има вкупно 63.400 луѓе во активните сили.



Но австралиската влада си постави цел до 2040 година да има 80.000 луѓе во активна работна сила, а еден од главните фактори за тешкотијата за привлекување нови регрути е ниската стапка на невработеност во земјата.

Граѓаните на *Нов Зеланд* кои живееле во *Австралија* најмалку една година ќе можат да аплицираат од јули, а од јануари 2025 година граѓаните на *САД*, *Велика Британија* и *Канада* кои имаат право на постојан престој во *Австралија* ќе можат да аплицираат.

Војската на *Нов Зеланд* исто така е пократка за 1.300 воен персонал, откако загуби 30 отсто од својот состав помеѓу 2021 и 2023 година.

Министерката за одбрана на *Нов Зеланд* **Џудит Колинс** појасни дека армиите на двете земји нема да се натпреваруваат за регрути поради австралиското правило кое не дозволува да се пријават оние кои служеле во странска армија во претходните две години.

*Австралија*, исто така, постигна договор со *САД* и *Велика Британија* во кој се обврзува да изгради австралиска подморничка флота со помош на американската нуклеарна технологија.

# Мардок во пети брак на 93 години

Медиумски тајкун **Руперт Мардок** се ожени по пети пат, на свечена церемонија на неговиот голем посед со лозови насади во *Калифорнија*. **Мардок** кој има 93 години се венча со Русинката **Елена Жукова** (67), биолог по професија која сега е во пензија.



Тој досега се има женето со Австралијанка, Шкотланѓанка, Американка и Кинеската **Донг**. Една од неговите сопруги беше и поранешната манекенка и фото-модел **Џери Хол**, која пред тоа повеќе години беше во брак со **Мик Џегер**, фронтменот на групата *„Ролинг Стоунс"*.

**Елена Жукова**, пак, е поранешна сопруга на рускиот олигарх и „нафташ" **Александар Жуков**. Тие се родители на единствената нивна ќерка **Даша**, која беше втора сопруга на олигархот **Роман Абрамович**, додека овој живееше во *Лондон*. Нивниот брак беше раскинат во 2017 година. Тоа значи дека **Мардок** сега е во брак со поранешната тешта на **Абрамович**, едно време најбогатиот човек во *Велика Британија*.

Од сите свои брачни врски, **Мардок** има шест деца, но во неговиот голем бизнис се вклучени двата сина и ќерката од бракот со Шкотланѓанката, **Ана Ман**, инаку професионална новинарка.

Својата долга кариера во медиумскиот бизнис ја има започнато во педесетите годинина 20 век, во *Австралија*. Но, на меѓународната сцена е од 1969 година, кога ги купи лондонските весници *„Воркс оф Њуз"* и *„Сан"* кој брзо стана и остана најтиражниот британски весник.

Подоцна, во *САД* ги купи и таблоидот *„Њујорк Пост"* и угледниот *„Вол Стрит Џорнал"* . Во 1996 го покрена ТВ каналот *Фокс Њуз*, сега е најгледан во *САД*. а во *Британија* ги откупи *„Тајмс"* најстариот весник во светот и неделникот *„Сандеј Тајмс"*.

Компанијата *Њуз Корпорејшн* е создадена во 2013 година, но **Мардок** и натаму остана сопственик на стотина меѓународни изданија и медиуми.

Во септеври минатата година се повлече од лидерската позиција на неговата медиумска империја, препуштајќи му ја на својот најстар син **Лачлан** кој сега е претседател и на компанијата *Фокс*.

Austral aluminiumproducts
Commercial Available
Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.

Најдобрите и најквалитетни алуминиумски прозорци и врати, со светски дизајн и врвен квалитет, по најповолни цени ќе ги најдете кај нас
Ph.: (03) 9357 4177
Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)
www.australw.com.au

# Од што се плашат Австралијците?




Речиси двојно повеќе Австралијци веруваат дека сојузната влада треба да ја позиционира земјата како средна сила во *Азија*, отколку оние кои велат дека треба да биде сојузник на *САД*, покажува најновата анкета на весникот *Гардијан*, во која учествуваа 1.126 испитаници.

Ваквиот став на јавното мислење се коси со политиката на актуелната лабуристичка влада, а го поддржува ставот кој го застапуваше поранешниот прајминистер на *Австралија*, **Пол Китинг**.

Резултатите од анкетата, исто така, покажуваат, двојно повеќе Австралијци го поддржуваат мислењето дека *Израел* треба да се повлече од *Газа* (37 отсто) отколку што веруваат во оправданоста да ја продолжи воена акција (18 отсто).

Анкетата беше спроведена за тоа дали *Австралија* премногу се придружила на *САД* во спротиставувањето на *Кина*, особено преку купување подморници на нуклеарен погон како дел од договорот *AUKUS* со *САД* и *Велика Британија*.

На прашањето каква треба да биде улогата на *Австралија* на глобалната сцена, 38 отсто од анкетираните одговориле, таа би треба да биде „независна средна сила со влијание во азиско-пацифичкиот регион“, став кој често се поврзува со **Китинг**, кој во 1995 година, рече *Австралија* мора да најде сигурност во *Азија*, а не надвор од неа.

Секој петти испитаник (20%) изјавил дека *Австралија* треба да биде „првенствено сојузник на *САД*“. Една четвртина (25%) изјавииле, дека би требало „да направат се што е можно за да не се занимаваат со светските работи“, а 17 отсто не биле сигурни.

Во анкетата, две третини (67%) Австралијци рекоа односот со *Кина* е „комплексен“ и со него треба да се „занимаваат“, 20% рекоа тоа е „закана со која треба да се соочиме“, а 13% ја опишаа како „позитивна можност која треба да се искористи“.

Повеќето испитаници изразија загриженост поради реалните и можните настани, вклучувајќи ги: проширувањето на *Кина* во *Јужното кинеско море* и *Тајван* (65%), израелската воена акција во *Газа* (63%) и можната победа на **Доналд Трамп** на изборите во *САД* во 2024 година (57%).

Најголем процент од испитаниците се согласија дека глобалната нестабилност ја поскапила трговијата (68%) и ги поткопала напорите за решавање на глобалните проблеми, вклучувајќи ги и климатските промени (57%). Нешто помалку од половина рекле дека глобалната нестабилност има негативно влијание врз нивната сопствена благосостојба (46%).

На прашањето за израелската воена акција во *Газа*, само 18% го поддржаа нејзиното продолжување, 20% рекоа дека Израел треба да се согласи на привремен прекин на огнот, 37% рекоа дека Израел треба “трајно” да се повлече, а 24% не се сигурни.

Испитаниците на возраст од 18 до 34 години почесто ќе кажат дека *Израел* треба да се повлече засекогаш (44%), а во таа возрасна група, само 13% го поддржуваат продолжувањето на воената акција.

И покрај несогласувањето на мнозинството со политиките на владата, најголемиот процент (34%) од Австралијците и даваат предност на Лабуристичката партија да управува со земјата, додека 29% од испитаниците ја поддржуваат Коалицијата. За најголем број од анкетираните 38 отсто од нив, нема разлика меѓу двете најголеми австралиски партии.


ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092
Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073


## СООПШТЕНИЕ

Пензионерската група на ветераните и пријателите од *Томастаун* ги известува сите свои членови дека организира дводневен излет на 15 и 16 јуни. Ќе се оди до *Хиткот, Ечука, Баруга, Заравонга* и *Шепартон* со спиење во *Баруга*.

Се тргнува во сабота, на 15 јуни од 7:15 наутро од *Main St. Thomastown* (кај базените). Местата се ограничени, за повеќе информации кај: **Косте 0431 360 291**; **Ило 0409 170 812** и **Вера 9466 2094**

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*

# Кина повикува на одржување мировна конференција со учество на Москва и Киев

*Пекинг* повикува на мировна конференција за украинската криза, која ќе ја признаат и *Москва* и *Киев*, изјави кинескиот министер за надворешни работи **Ванг Ји**, зборувајќи на состанокот на министрите за надворешни работи на земјите од *БРИКС* во *Нижни Новгород*.



*„Украинската криза продолжува. Кина се залага за свикување вистинска мировна конференција, која ја признаваат и Русија и Кина, со рамноправно учество на сите страни и искрена дискусија за сите мировни планови“*, кажа шефот на кинеската дипломатија.

Како што е соопштено, претходно шефот на руската дипломатија **Сергеј Лавров** и неговиот кинески колега **Ванг Ји** се сретнале на маргините на состанокот.

Тие истакнале дека претстојната мировна конференција во *Швајцарија* не подразбира рамноправно учество на *Русија* и фер согледување на сите мировни иницијативи и актуелната реалност.

**Ванг Ји** истакна дека *Пекинг* е спремен заедно со *Москва* да се соочи со надворешните пречки, како и да ѝ пружи поддршка на *Москва* преку *БРИКС*.

*„Кина е спремна да ги вложи сите напори за да пружи поддршка на претседавањето на Русија во БРИКС и заедно со Москва да го јакне стратегиското партнерство во оваа организација, да го стимулира заедничкото дејствување со цел јакнење на глобалниот југ, како и уште поактивно да изразува поддршка на мултилатерализмот“*, порача **Ванг**.

**ЛАВРОВ:**

# Западот се обидува да игра на нуклеарната карта

Рускиот министер за надворешни работи **Сергеј Лавров** изјави дека *Русија* се противи на обидите на западните земји *„да играат на нуклеарната карта“*.

На состанокот на министрите за надворешни работи на земјите членки на *БРИКС* во *Нижни Новгород*, **Лавров** кажа и дека последните настани на глобалната сцена го покажале *„вистинското лице на Западот кој тежнее да го наметне својот поредок во светот“*.



**Лавров** се сретнал и со министерот за надворешни работи на *Турција* **Хакан Фидан**, кој на почетокот на јуни кажа дека *Турција* сака да стане членка на *БРИКС*.

Теми на разговорот на двајцата шефови на дипломатиите биле ситуацијата во *Украина*, на *Блискиот Исток* и на јужен *Кавказ*.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

**МАКРОН:**

# Нема да поднесам оставка, без разлика на резултатот од предвремените избори



Францускиот претседател **Емануел Макрон** изјави дека нема да поднесе оставка „без разлика на резултатот" од претстојните предвремени парламентарни избори.

Тој неделава ги распиша изборите како одговор на убедлива победа на екстремно десничарскиот Национален митинг на европските избори.

*„Народното собрание не го пишува Уставот, ниту го одредува неговиот дух. Институциите се јасно дефинирани, како и функцијата на претседателот, без разлика на резултатот од парламентарните избори"*, изјави **Макрон**.

На овој начин тој ги демантираше гласините кои почнаа да кружат дека размислува за оставка, што претходно го демантираше и Елисејската палата.

Наместо тоа, **Макрон** рече дека директно ќе биде вклучен во предизборната кампања и посочи дека не може да се претпостави дека резултатот на Националното собрание на европските избори ќе се повтори и на парламентарните избори кои имаат поинаков систем на гласање.

*„Политиката е динамична. Никогаш не верував во анкети. Одлуката што ја донесов отвора нова ера. Започнува нова кампања и треба да ги анализираме резултатите во секоја изборна единица"*, рече **Макрон**.

Тој рече дека кампањата ќе ја започне во среда со прес-конференција во хотел во *Париз*.

Но, не сите се среќни кога ќе видат како францускиот претседател води кампања. Неколку негови заменици неговото директно учество во кампањата го гледаат како лоша вест, а не како поттик.

Политичката криза во *Франција*, подемот на крајната десница и одлуката за распишување предвремени избори предизвикаа нервоза на пазарите, а кредитните агенции и експерти предупредуваат дека политичката нестабилност и евентуалната победа на Националното собрание ќе ги поткопа напорите на *Франција* да го намали јавниот долг, кој е на загрижувачко ниво.

## Слоновите користат имиња кога меѓусебно се повикуваат

Африканските слонови можат да се обраќаат едни на други користејќи индивидуализирани повици налик на човечки имиња, покажа ново истражување.

Познато е дека делфините се повикуваат меѓусебе имитирајќи го свиркањето на другиот делфин, а и папагалите се обраќаат едни на други на сличен начин, но слоновите одат чекор подалеку во меѓусебното идентификување. Тие учат, препознаваат и користат индивидуализирани повици како имиња за да им се обратат на другите слонови, навидум без да користат имитација, се вели во студијата објавена во списанието *„Nature Ecology and Evolution"*.

Истражувачите ги анализирале снимките од 469 различни повици направени од слонови во три национални резервати во Кенија од 1986 до 2022 година. Најчестиот вид на повик е татнеж, кој има три подкатегории. Таканаречениот контактен татнеж се користи за повикување слон кој е далеку или надвор од видното поле, а поздравувачки татнеж кога друг слон е во непосредна близина. Возрасна женка користи негувателски татнеж кон слонче за кое се грижи.

*„Истражувањето не само што покажува дека слоновите користат специфични вокализации за секој поединец, туку и препознаваат и реагираат на повикот упатен кон нив, додека ги игнорираат оние што им се упатени на другите"*, рече водечкиот автор на студијата **Мајкл Пардо**.

Слоновите испуштаат широк спектар на звуци, од кои некои се толку ниски што човечкото уво не може да ги слушне. Имињата не се користеле секогаш во повиците на слоновите. Но, кога се изговарале, тоа често било на голема далечина и кога возрасните им се обраќале на младите слонови.

## Руски воени бродови пристигнуваа на Куба

Група руски воени бродови, вклучително и подморница на нуклеарен погон, ќе ја посетат *Куба* за да ги истакнат *„историските пријателски односи"*, соопшти кубанската влада.




Руската фрегата **Горшков**, подморницата на нуклеарен погон *Казан*, флота танкер за нафта *Пашин* и спасувачкиот шлепер *Николај Чикер* ќе го посетат пристаништето во *Хавана* меѓу 12 и 17 јуни. *Куба* вели дека ниту еден од бродовите не носи нуклеарно оружје и инсистира дека нивното пристигнување не претставува закана за регионот.

*„Посетите на поморските единици од други земји се историска практика на револуционерната влада со нациите кои одржуваат односи на пријателство и соработка"*, се додава во соопштението. *Москва* не ја потврди информацијата што ја презентираше *Куба*.

Ова не е првпат бродови на руската морнарица да бидат испратени во *Куба*, клучниот сојузник на поранешниот *Советски Сојуз* за време на Студената војна, кој накратко držeше нуклеарни проектили по налог на *Москва* за време на кубанската криза во 1962 година.

Кубанската објава доаѓа неколку дена откако американскиот претседател **Џо Бајден** и даде дозвола на *Украина* да изврши ограничени напади со американска муниција на руска територија. Како одговор, рускиот претседател **Владимир Путин** рече дека *„доставувањето оружје во зоната на конфликтот е лош потег на Западот"*.

*„На крајот, ако видиме дека тие земји се вмешани во војна против нас, а тоа што го прават ги прави директно вклучени во војна против Руската Федерација, го задржуваме правото да дејствуваме на ист начин"*, рече **Путин**.

## Германија депортира мигранти во Полска




Германската полиција почнала да ги депортира нелегалните мигранти назад во *Полска*, иако тие тврдат дека во земјата стигнале од *Холандија*, *Австрија* и други земји, а не преку *Полска*. Според податоците *Германија* вратила 3.500 мигранти од 5.600 луѓе за кои се тврди дека нелегално преминале од *Полска* во *Германија*.

Од 1 јануари до 30 април 2024 година, сојузната полиција регистрирала вкупно 5.621 лице кои нелегално ја преминале полско-германската граница. Од нив 3.578 луѓе се вратени во *Полска*.

Пактот на *Европската Унија* за миграцијата, кој ќе стапи на сила во 2026 година, предвидува државите членки да бираат дали ќе ги примат преселените нелегални мигранти или ќе платат 20.000 евра за секој мигрант што ќе го одбијат.

Миграциите оваа есен се клучното прашање за гласачите во три источни германски држави. *Германија* не крие дека се надева дека миграцискиот пакт ќе ѝ овозможи да го намали бројот на мигрантите на своја територија.

# ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ ВО ТЕКОТ НА ВЕЧЕРТА Е КОРИСНА ЗА ЗДРАВЈЕТО



Истражувачите од Универзитетот во Сиднеј откриле дека повеќето физички активности што се применуваат во вечерните часови имаат најмногу здравствени придобивки за дебелите луѓе.

Една неодамнешна студија открива дека повеќе од една милијарда луѓе во светот се сметаат за дебели, со проекции дека оваа бројка потенцијално би можела да достигне 4 милијарди луѓе до 2050 година.

– Приближно двајца од тројца Австралијци се со прекумерна тежина или дебели, што е значаен ризик-фактор за многу хронични болести како што се дијабетес, кардиоваскуларни болести и разни видови рак. Еден од клучните двигатели на компликациите поврзани со дебелината е инсулинската резистенција – состојба која на крајот води до високи нивоа на гликоза во крвта и дијабетес тип 2, па може да предизвика катастрофално оштетување на кардиоваскуларниот систем и да доведе до откажување на органите – вели д-р Анџело Сабаг, истражувач и акредитиран физиолог за вежбање во Центарот „Чарлс Перкинс“ при Универзитетот во Сиднеј, и главен автор на оваа студија.

**Вежбањето по 18 часот е поврзано со најмал ризик од смрт**

За оваа студија, д-р Сабаг и неговиот тим ги анализирале податоците од „Биобанк“ од Велика Британија, на речиси 30.000 луѓе на возраст над 40 години. Сите учесници се сметале за дебели, а околу 3.000 имале дијабетес тип 2. Истражувачите имале пристап и до податоците од уредите кои ги следеле нивоата на физичка активност на учесниците наутро, попладне и навечер, во период од осум години.

На крајот од студијата, научниците откриле дека луѓето што поголемиот дел од нивната умерена до енергична физичка активност ја вршат помеѓу 18 часот и полноќ имаат најмал ризик од прерана смрт и од кардиоваскуларни болести. И умерената и силната физичка активност ги зголемуваат отчукувањата на срцето и дишењето. Примери за умерена физичка активност се:

-брзо одење
-танцување
-косење на тревникот
-кревање тежина
-пливање

Интензивни физички активности се:

-џогирање/трчање
-планинарење
-копање
-аеробик
-играње фудбал или кошарка.

Д-р Сабаг вели дека тој и неговиот истражувачки тим веруваат оти нивните резултати може делумно да се објаснат со подобрената кардиометаболна регулација, поврзана со вечерната физичка активност, теорија поддржана од неодамнешните клинички студии.

– Нашето тело е најотпорно на инсулин во текот на ноќта и за оние што не можат да произведат повеќе инсулин, физичката активност во овој дел од денот може да компензира дел од природната ноќна отпорност на инсулин. Неодамнешните наоди од една помала клиничка студија покажаа дека вежбањето подоцна во текот на денот довело до поголеми подобрувања на крвниот притисок, значаен ризик-фактор за прерана смрт и кардиоваскуларни болести. Заедно, овие теории даваат одреден увид за тоа што може да се случи, но потребни се дополнителни истражувања за да се добие посеопфатно разбирање на таквите процеси- објаснил тој.

Вежбите со кратки интервали можат да бидат корисни. Луѓето што не можат да прават структурирани вежби од 30 до 60 минути, можат да прават пократки, поинтензивни активности и да видат корисни резултати.

**БЕС**

Жена отишла кај психијатар, а тој по извесно време ѝ вели:




– Госпоѓо, премногу бес има во вас. Напишете писмо до тој што ве нервира, искажете се и потоа запалете го.

– Добро, докторе. А, со писмото што да правам?

**СОТИР НЕ СЕ ПЛАШИ ОД БОЛКА**

Отишол Сотир за заболекар и уште од врата поставува прашање:

– Колку наплаќате ве молам за вадење заб?

Заболекарот му одговара:

– Па цената за вадење заб е 100 долари, но јас се надевам дека сте покриени со некакво осигурување!

– Не, немам осигурување за заби. И затоа би сакал да прашам дали може некако со поевтино да се помине!?

– Јас се извинувам, но работиме со таа тарифа и не се можни отстапки. И ние, знаете, имаме трошоци. Анестезијата ни е прилично скапа, но затоа е многу ефикасна!

– Анестезија!? – се замислил Сотир – А што би значело вадење заб без анестезија? Би било ли тогаш поевтино?

– Ама ве молам!? Па тоа се ужасни болки! Како тоа мислите без анестезија!?

– Епа така... Колку ќе чини без анестезија вадењето заб?

– Хм! Па вие сте значи исклучително храбар човек! Па тогаш би ви зел само 25 долари. А може ли да погледнам во каква состојба е забот?

– Секако докторе! – рекол Сотир и се свртел накај Менка:

– Ајде душо покажи му го на докторот забот што те боли!

**МАЖ**

Мажот има 3 главни животни функции:
1. Да го чува Семејството
2. Да ја брани Татковината
3. Да дојаде, за да не се фрла...

**ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ**

Малиот Трпе го прашува татко си:

– Тато, што се Европски фондови?

– Тоа се пари земени од сиромашните во богата држава кои се даваат на богатите во сиромашна држава.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1818 Year 37 • Tuesday, 11 June 2024 • Price $4.00 inc GST



ДОЛЖНИЧКО РОПСТВО: НЕ ОЧЕКУВАЈТЕ НАМАЛУВАЊЕ НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ ОВАА ГОДИНА

ПРЕМИЕРОТ НА ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА:

РОЏЕР КУК НАВИВАШЕ ЗА СТИРЛИНГ МАКЕДОНИЈА

МИЦКОСКИ ГО ДОБИ МАНДАТОТ

2/3-СКОТО МНОЗИНСТВО ЗА 4 НОВИ МИНИСТЕРСТВА МУ ГО ОБЕЗБЕДИ – ДУИ!?

СПАСА И СПАСЕ КАНОНИЗИРАНИ НОВИТЕ МАКЕДОНСКИ СВЕТЦИ

АВСТРАЛИЈА ЈА ЗАЈАКНУВА АРМИЈАТА СО РЕГРУТИРАЊЕ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

ОВАА ГОДИНА ВАРДАРСКАТА РЕГАТА ЌЕ ПЛОВИ ДО СОЛУН

МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ПОВЕЌЕ БАРААТ ЕГЗОТИЧНИ ПАТУВАЊА: „ДОСТА МИ Е ОД ГРЦИЈА, САКАМ ДА ГО ВИДАМ ЗАНЗИБАР“


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

## Срамота а нема кому да се жалиш: Ни се падна судија крадец во Храдец кој уште се презива Оченаш!?

### Чешка - Македонија 2:1 (0:0)

Македонија на овој пријателски натпревар настапи со цел да не загуби на мегданот против учесникот на ЕВРО 2024, селекцијата на Чешка, во Храдец Кралове. Но, очигледно не можеше да избегне пораз покрај словачкиот судија Микал Оченаш.

Чесите победија со 2:1 благодарение на два крајно сомнително досудени пенали. Особено првиот бидејќи сите можеа на повторената снимка да видат дека соборениот фудбалер на Чешка во казнениот простор на Македонија беше намерно турнат - од сопствен соиграч. Просто одглумија, а несфатливо е зошто не реагираше ВАР-собата.

Чешка поведе во 60. минута, стелец на пеналот беше Шик. Пет минути подоцна Трајковски биеше од далечина со одлично ефе, топката удри во дирекот, на одбиената топка налета Алими и со глава ја смести во голот на Чешка за 1:1. Ова воедно беше негов прв гол во дресот на Македонија.

Чешка доби уште еден подарок од судиите, кои досудија многу сомнителен пенал во 97. минута, а Барак погоди во мрежата на Димитриевски за 2:1.

Македонските фудбалери не можеа да се помират со еден таков пораз. Во секој случај, повторно се уверивме дека недостатокот на минутажа во нивните клубови за поголемиот дел наши репрезентативци и тоа како се рефлектира на вкупниот капацитет на националниот тим.





### Национална премиер лига на НЈВ, 18 коло

## Рокдаел Илинден – Вестерн Сиднеј Вондерерс 3:2

Во недела се играше средба помеѓу Илинден и Вондерерс за да се реши кој ќе биде на првото место на табелата, и навистина натпреварот беше борбен и квалитетен. Гостите први дојдоа до водство во 11 минута со голот на Дало Санди. Тоа беше подоцна зголемено на 0:2 со голот на Луал АНди во 43 минута. Во последните моменти од првото полувреме Локлан Констабл намали на 1:2.

Во второто полувреме следеше серија на Рокдаел Илинден со головите на Хантер Елиот во 76` и Блејк Ричуто во 81 минута за 3:2.

Во завршницата, кога се играше судиското продолжение, Вондерерс остана со играч помалку а Рики Франсен заслужено доби црвен картон.

Предходно минатата седмица Рокдаел Илинден имаше настап во елиминациите за купот на Австралија и славеше висока победа над Феникс од 9:1. „Комитите" се квалификуваа помеѓу 32 екипи и сега ќе играат во завршницата заедно со клубовите од А–лигата.

Во среда, на 12 јуни, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Сент Џорџ Саинтс со почеток во 20 ч.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 41 |
| АПИА Леикард. | 37 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 37 |
| Блектаун Сити. | 34 |
| Маркони | 34 |
| Сиднеј Јунајтед. | 30 |
| Сент Џорџ Сити. | 30 |
| Волонгонг Вулвс. | 26 |
| Манли Јунајтед | 23 |
| Сиднеј Олимпик. | 22 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 21 |
| НЈВ Спирит | 18 |
| Хилс Брамбис | 18 |
| Сатерланд Шаркс | 13 |
| Сиднеј | 11 |
| Централ Кост Маринерс | 8 |

## Наградниот фонд за ЕП 2024 изнесува А$543 милиони

Наградниот фонд за Европското фудбалско првенство, кое од 14 јуни до 14 јули ќе се одржи во Германија, е непроменет во однос на претходниот континентален турнир. УЕФА на репрезентациите учесници ќе им распредели вкупно А$543 милиони.

Секоја репрезентација со самиот пласман на ЕУРО2024 ќе заработи по нешто над А$15 милиони.

За победа во групната фаза на турнирот во Германија се доделуваат дополнителни А$1.64 милион, а за реми А$820,000. Пласманот во осминафиналето ќе биде награден со дополнителни А$2.46 милиони, четврт-финалето со А$4.1 милион, а полуфиналето со А$6.56 милиони.

Дополните А$8.2 милиони ќе инкасира поразениот финалист, а А$13.1 милион ќе добие новиот европски првак.

Максималната сума што може да ја заработи европскиот шампион (доколку ги оствари и сите три победи во групата) е А$46.33 милиони.

## Утре почнува ЕВРО24

Со мечот помеѓу домаќинот Германија и Шкотска започнува Европското фудбалско првенство (за Австралија во сабота, 5 часот наутро - Mlb/Syd).

Низ историјата на ЕП вкупно 16 селектори можат да се пофалат дека ја освоиле титулата. Ниту еден селектор ја нема освоено европската круна два или повеќе пати, а единствениот кој беше европски првак на клупата на странска репрезентација беше Германецот Ото Рехагел во 2004 година со Грците.

Паралелно, само двајца тренери имаат освоено светска и европска титула. Германецот Хелмут Шон го освои ЕП во 1972 година, а Светското првенство две години подоцна, додека Шпанецот Висенте дел Боске беше светски првак во 2010 година, а европски во 2012 година.

Германецот Берти Фогс е единствениот кој ја освоил европската титула и како играч (1972) и како тренер (1996).

Највозрасен селектор кој ја освоил европската круна е Шпанецот Луис Арагонес (во 2008 имал 69 години и 336 дена), а најмлад е неговиот сонародник Хозе Виљалонга (во 1964 со 44 години и 192 дена).

Најмногу „трофејни" селектори имаат Германците - четири, Шпанците тројца, Французите и Италијанците по двајца, а Русите, Чесите, Португалците, Холанѓаните и Данците по еден.




MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### Национална премиер лига на ЗА, 11 коло

# ПРЕМИЕРОТ РОЏЕР КУК НАВИВАШЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

## Стирлинг Македонија – Вестерн Најтс 1:0





*Премиерот на Западна Австралија, Роџер Кук, со капитените и судиите пред почеток на натпреварот*

Минимална победа за да се фати чекор со горниот дел од табелата. Стрелец на единствениот гол беше Самуел Вини во 26 минута. На овој домашен натпревар на стадионот во Македонија Парк почесни гости беа Роџер Кук, премиерот на Западна Австралија и неговиот заменик Рита Сафиоти. Навистина голем успех на управата на Стирлинг Македонија која го подобри стадионот и успеа да создаде блиски врски со лидерите на најпросперитетната држава во Австралија.

Минатава седмица тренерот Иан Фергусон замина од својата позиција, а на негово место е назначен Аго Мујиќ. За Мујиќ знаеме дека има богата фудбалска историја како фудбалер и тренер. Тој беше помошник тренер во Перт Глори и беше задолжен за развивање на талентите во А–лигашот.

Во сабота, на 15 јуни, Стирлинг Македонија гостува кај Олимпик Кингсвеј со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј. | 26 |
| Фриментл Сити. | 25 |
| Перт Ред Стар | 23 |
| Бејсвотер Сити. | 19 |
| Вестерн Најтс. | 18 |
| Стирлинг Македонија | 18 |
| Флореат Атена. | 17 |
| Армадел. | 13 |
| Перт | 9 |
| Перт Глори | 9 |
| Балката | 8 |
| Инглвуд | 0 |

### Премиер лига на Викторија, 17 коло

## Норткот Сити – Престон Македонија 1:1



Вечерен натпревар на кој имаше многу удари кон голот и многу необјасниви целосни промашувања. Двете екипи играа борбено и многу мала беше разликата во силите, впрочем тоа сликовито го прикажува и табелата во која се изедначени со бодови и само за еден гол е подобар Престон. За првиот погодок се чекаше до 35 минута кога капитенот Конор Бел направи брз контранапад и буквално сам го претрча скоро целиот терен за да ја затресе мрежата за 0:1. Ова беше неговиот осми гол оваа сезона.

Во второто полувреме изедначувањето го донесе Џејкоб Лива во 76 минута за 1:1. На крајот двете екипи мораа да се задоволат со поделба на бодовите и паѓање едно место подолу на табелата, бидејќи Вестерн Јунајтед ги прескокна заземајки го второто место.

Во понеделник, на 17 јуни, Престон Македонија гостува кај Кингстон Сити со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 35 |
| Вестерн Јунајтед. | 33 |
| Престон Македонија. | 32 |
| Норткот Сити | 32 |
| Бентли | 25 |
| Булин Лајонс | 24 |
| Лангварин | 24 |
| Мелбурн Сити | 23 |
| Брансвик Сити | 19 |
| Кингстон Сити | 18 |
| Истерн Лајонс | 18 |
| Џорџ Крос | 16 |
| Вереби Сити | 12 |
| Норт Џилонг | 10 |

### Национална премиер лига на Викторија, 17 коло

## Данденонг Тандер – Алтона Маџик Вардар 0:4

Висока победа во гости која беше сосема заслужена а домаќинот беше целосно надигран. Првиот гол го постигна Стефен Лоулес во 34 минута, од извонредна акција во два потези се пренесе топката од одбрана во напад и заврши со ефектен лоб за 0:1.

Во второто полувреме Бул Џуак во 57 минута зголеми на 0:2. Следеше уште еден гол на Лоулес во 69 минута за 0:3. Конечниот резултат го постави Саад Моукачар во 86 минута за високите 0:4. Ова беше многу потребна победа за Алтона Маџик за враќање на самодовербата по двата пораза во низа и за зацврстување на позицијата на средина од табелата.

Во сабота, на 15 јуни, Алтона Маџик Вардар ја пречекува екипата на Грин Гали со почеток во 18:15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 44 |
| Авондале | 39 |
| Окли Канонс | 37 |
| Хајделберг Јунајтед. | 33 |
| Хјум Сити | 33 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 28 |
| Данденонг Сити | 22 |
| Алтона Маџик Вардар | 20 |
| Грин Гали | 19 |
| Мелбур Најтс | 16 |
| Данденонг Тандер | 15 |
| Манингам Јунајт. Блуз | 10 |
| Мореланд Сити | 7 |
| Сент Албанс | 7 |




## Никола Јокиќ ќе игра за Србија на ЛОИ во Париз!

Селекторот на кошаркарската репрезентација на Србија, Светислав Пешиќ, го објави списокот со повикани кошаркари за настап на Олимписките игри во Париз. На списокот од 16-мина кошаркари се најде и Никола Јокиќ, па Србите веќе може да го очекуваат дуелот против американскиот дрим-тим. Тука се и НБА играчите: Василије Мициќ, Алексеј Покушевски, Богдан Богдановиќ и Никола Јокиќ



Србија на турнирот во Париз е во група со САД, Јужен Судан и еден квалификант.

### Национална премиер лига на северен НЈВ, 8 заостанато коло

## Бродмедоу Маџик – Маитланд 2:0



Во вторникот се одигра заостанатата средба од осмото коло во која “магичните” ја пречекаа екипата на Маитланд, и беше забележана сигурна победа. Стрелци на головите беа Џ. Бејкер во 44 минута и Џ. Стјувардсон во 49 минута.

Додека во сабота Бродмедоу Маџик играше во шестото елиминационо коло за купот на Австралија и забележа висока победа над Астонвил со 9:0.

Во сабота, на 15 јуни, Бродмедоу Маџик гостува кај Еџворт со почеток во 14:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Ламбтон Џафас. | 37 |
| Бродмедоу Маџик. | 36 |
| Чарлстаун Азури | 28 |
| Еџворт | 23 |
| Валентин | 19 |
| Њукастел Олимпик. | 17 |
| Вестон Воркерс | 16 |
| Маитланд | 15 |
| Кукс Хил Јунајтед. | 12 |
| Њу Ламбтон | 5 |
| Лејк Маквори. | 3 |
| Адамстаун Розбадс. | 2 |

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит Таун. | 45 |
| Булс Академи. | 40 |
| Хакоа Сиднеј | 39 |
| Сиднеј Македонија. | 35 |
| Блактаун Спартанс. | 28 |
| НЈВ Универзитет | 27 |
| Нордерн Тајгерс. | 26 |
| Кантерб. Бенкстаун. | 26 |
| Интер Лајонс. | 26 |
| СД Раидерс. | 24 |
| Бонириг Вајт Иглс. | 21 |
| Ридалмер Лајонс | 19 |
| Макатур Рамс. | 18 |
| Дулвич Хил | 14 |
| Непеан | 9 |
| Данбар Роверс. | 9 |

### Прва лига на НЈВ, 19 коло

## Сиднеј Македонија – СД Раидерс 1:0

Победа пред домашната публика на Џенсен Парк за Сиднеј Македонија и укнижување на нови три бодови за одржување на сонот за промоција. Единствениот гол во првото полувреме го постигна Крис Пајн со што ја реши средбата.

Во сабота, на 15 јуни, Сиднеј Македонија гостува кај НЈВ Универзитет со почеток во 19 часот.

## Ферстапен: Потребни ни се вакви трки, беше навистина забавно

Макс Ферстапен излезе како победник на трката за Големата награда на Канада, трка која се возеше во ха-



отични услови и која донесе многу случувања. На патеката „Жак Вилнев“се изредија: дожд, сонце, инциденти, претекнување, активирано во повеќе наврати беше и безбедносното возило.

Пилотот на „Ред Бул“ ја започна оваа трка од второто место, но напредуваше и уште еднаш дојде до врвот на подиумот или поточно ја забележа шестата сезонска победа, вкупно 60-та во кариерата.

Зад Ферстапен останаа Норис од „Мекларен“ и Расел од „Мерцедес“.

Бодови освоија уште Хамилтон, Пјастри, Алонсо, Строл, Рикардо и Гасли. Најголемо разочарување беше тимот на „Ферари“ кој беше очаен во квалификациите, а трката не ја заврши ниту Шарл Леклер ниту Карлос Саинц.

- Тоа беше прилично луда трка, но ми се допадна, беше забавно. Како тим бевме добри. Повремено ви требаат вакви трки, заклучи Холанѓанецот.

## Федерер: Можеби не го почитував Ѓоковиќ доволно

Швајцарскиот тенисер Роџер Федерер не е некој кој во медиумите често го фали Новак Ѓоковиќ, но сега одлучи да го направи тоа.

Во документарецот за „Амазон“.тој признава дека можеби не му укажал доволно респект каков што српскиот тенисер заслужувал.



- Мислам дека на почетокот не му го укажав респектот кој го заслужува поради неговите технички маани. Мислев дека има екстремно цврст удар при форхендот, додека неговиот бекхенд не беше флуиден како што е денес. Потоа ги „испегла“ тие работи и стана неверојатно чудовиште од играч.

Го опиша Ѓоковиќ како неверојатна личност.

- Мислам дека е малку погрешно разбран. Кога се појави многу луѓе помислија: „Не ни треба трето момче, задоволни сме со Роџер и Рафа“. Тогаш Новак излезе со својата силна личност и неверојатна желба да победи по секоја цена, изјави некогаш најдобриот светски тенисер.

## АТП: Синер е број 1 а Алкараз број 2, Ѓоковиќ падна на третото место

Српскиот тенисер Новак Ѓоковиќ, кој мина рекордни 428 недели на првата позиција, падна на третата позиција откако поради повреда на коленото се откажа во четвртфиналето на Ролан Гарос во Париз. Закрепнувањето на Ѓоковиќ по операцијата на менискусот се очекува да трае најмалку три недели. Тој ќе се фокусира на Олимписките игри (ОИ) во Париз, кои почнуваат на 27 јули.

**АТП РАНКИНГ:**

1.(2) Јаник Синер (Италија) 9.525 поени
2.(3) Карлос Алкараз (Шпанија) 8.580
3.(1) Новак Ѓоковиќ (Србија) 8.360
4.(4) Александар Зверев (Герман.) 6.885
5.(5) Данил Медведев (Русија) 6.485
6.(6) Андреј Рубљев (Русија) 4.710
7.(7) Каспер Руд (Норвешка) 4.025
8.(8) Хуберт Хуркач (Полска) 3.995
9.(11) Алекс Де Минор (Австралија) 3.845
10.(10) Григор Димитров (Бугарија) 3.775


A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston



03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
A LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДНЕВС
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# СИНЕР ВЕРУВА ДЕКА ЃОКОВИЌ ЌЕ БИДЕ ПОДГОТВЕН И ЗА ВИМБЛДОН



Јаник Синер е новиот лидер на АТП листата откако Новак Ѓоковиќ поради повреда прерано го заврши учеството на Ролан Гарос.

Врз српскиот тенисер беше извршена операција поради која ќе биде надвор од теренот извесно време.

Се прогнозира дека тој ќе го пропушти Вимблдон, но ќе биде подготвен за Олимписките игри во Париз.

Сепак, Синер верува дека Ѓоковиќ ќе игра и на Вимблдон.

„Мислам дека Ѓоковиќ ќе игра на Вимблдон. Негова цел е да се врати на теренот што е можно побрзо и мислам дека ќе успее во тоа во Лондон", кажа Синер.

